| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патуваме со авион |
| **Содржина на денот** | Авиони |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема - Како да одржуваме лична хигиена додека патуваме. |
| **Активности** | За тема на денешна активност може да одберете Вашите деца да ги запознаете со карактеристиките на воздушниот сообраќај. Користете детски енциклопедии преку кои децата ќе стекнат нови сознаија и визуелно ќе се запознаат со изгледот на авионот ,авионската писта, пилотот кој го управува авионот ,стјуардесите кои се грижат за патниците, каде може да патуваме и како да се однесуваме во авионот. Во Вашиот дом заедно организирајте имитативна игра на тема – Патуваме со авион .Со картонски кутии може да направите авион, наредете столчиња за патници ,поделете ги улогите и играта и патувањето може да започне. Како дополнување на оваа активност може децата да го насликаат авионот. Нацртаните слики поставете ги во собата на детето како доказ за успешно совладана активност. |